ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА
Подготвен од страна на
Антонио Поп-Иванов "СТАНДАРД БИРО" – СКОПЈЕ Официјална сметководствена компанија на Олимпискиот комитет на Северна Македонија

Програмските активности кои Олимпискиот комитет на Северна Македонија ги реализираше во 2023 година, од финансиска гледна точка, донесоа позитивен тренд на динамика на имплементација на олимписката програма на Олимпискиот комитет на Северна Македонија.

ПРИХОДИ	**2023**	**%**
Приходи од донации и спонзорства		
Меѓународен олимписки комитет	2.618.783	2,97%
Европски Олимписки Комитети	34.367.596	38,95%
Асоцијација на Национални олимписки Комитети	241.417	0,27%
Европска Комисија - Ерасмус+ Проекти	27.854.608	31,57%
"Ваучер" - Комерцијална Банка АД – (Агенција за млади и спорт – Влада на РСМ)	2.000.000	2,27%
Горска	861.605	0,98%
Вкупно	**67.944.009**	**(77,00%)**
Приходи од стопанска активност		
Приходи од извршени услуги Олимписки центар "Јане Сандански"	20.295.515	23,00%
Вкупно приходи	**88.239.524**	**100,00%**
РАСХОДИ		
Расходи за спорт и спортски активности		
Стипендии за спортисти и уплати кон НСФ	28.619.385	
Договори на дело, авторски хонорари и надворешно ангажирани лица	10.477.393	
Трошоци за спортска опрема	4.264.804	
Трошоци за патувања	3.371.367	
Трошоци за организација на спортски настани	2.741.183	
Останати трошоци за спортски активности	285.654	
Ноќевања	836.217	
Вкупно	50.596.003	58,84%
Даноци и придонеси кон државата	2.761.356	3,21%
Амортизација на опрема	4.943.860	5,75%
Плати	4.304.852	5,01%
Осигурување	818.086	0,95%
Одржување на деловен простор	173.129	0,20%
Книговодствени услуги	326.940	0,38%
Ревизорски услуги	61.800	0,07%
Телефон и интернет	151.513	0,18%
Гориво	248.804	0,29%
Негативни курсни разлики	348.896	0,41%

Камати	487.457	0,57%
Банкарски услуги и провизии	151.235	0,18%
Вкупно трошоци за Канцеларија	7.072.712	**(8,23%)**
Расходи за стопанска активност - ОЦ Јане Сандански		**-**
Струја	5.665.569	6,59%
Вода	536.394	0,62%
Комунална Хигиена	296.015	0,34%
Плати	5.679.694	6,61%
Договори на дело и надворешно ангажирани лица	3.336.848	3,88%
Даноци и придонеси кон државата	3.373.776	3,92%
Осигурување	166.347	0,19%
Потрошни материјали	418.561	0,49%
Книговодствени услуги	326.940	0,38%
Телефон и интернет	360.939	0,42%
Гориво	452.324	0,53%
Вкупно расходи од ОЦ Јане Сандански	20.613.407	**(23,97%)**
ВКУПНО РАСХОДИ	**85.987.338**	**100%**

Мора да напоменеме и дека ОКСМ за многу НСФ-и и спортисти обезбеди донации и логистичка помош од соодветните Меѓународни и Европски спортски федерации што е карактеристично за работа на ОКСМ со години наназад. ОКСМ обезбеди и реализира партнерски договори во износ од 400,000 евра, но во против услуги, а не во пари (готовина)! Тоа се услуги од строго наменски карактер за потребите на Олимписките кандидати и НСФ-ии, кои ќе учествуваат на летните и зимските Олимписки игри и Младинските олимписки игри (Париз 2024, Милано 2026, Дакар 2026) како и за Европските младински Олимписки игри Скопје 2025 за да можат да учествуват на меѓународните мулти спортски натпревари (подготовки, спортска опрема, стручно/административна помош, едукација на стручен кадар и тренери, суплементација, исхрана, спортска медицина, опоравок после тренинг и после повреда, котизации, сместување, изнајмување на простории за собири и конференции, патувања и натпревари на врвните македонски спортисти и сл.).

Обезбедени се и дополнителни средства од Стопанска Банка АД во износ од 944.000денари во форма на вредносни против услуги кои се искоистени за изградба на вештачка карпа за спортско качување која ќе биде поставена во ОЦ Јане Сандански.

Како и секоја година, приходите односно финансиските ресурси како донации за реализација на програмските активности на ОКСМ, се реализирани преку блиската комуникација, координација и соработка со Меѓународниот и Европскиот олимписки комитет (ИОК и ЕОК) и Меѓународниот комитет на Медитеранските игри (МКМИ) и НОК-и со кои ОКСМ има договор за билатерална соработка, но и преку блиската соработка со Меѓународните и Европските спортски федерации. Во делот кој станува се позначаен за ОКСМ, во однос на унапредување на спортот во Македонија односно во делот на партнерство и донации, Олимпискиот комитет на Северна Македонија бележи продолжен тренд на партнерство со правни ентитети од Република Северна Македонија и од светот, кои се значаен дел од ТОП ТЕН маркетинг пулот на ОКСМ.

Секако значајна е и финансиската помош која доаѓа преку програмата “ваучер“ на Владата на РСМ/Агенција за млади и спорт во износ од 2.000.000,оо денари, износ наменет за подготовки на спортисти и нивно учество на спортските натпреварувања. Веруваме дека државата односно Агенцијата за млади и спорт ќе ја препознаат реалноста според која во Олимписките кандидати и евидентните олимпијци како и во Олимписката програма на ОКСМ, ќе мора да се вложуваат многу повеќе финансиски средства, кои секако ќе бидат координирани со АМС на РСМ како би можеле да очекуваме многу подобри врвни спортски резултати и многу поефикасен финансиски менаџмент на буџетските средства.

Исто така за 2023 продолжува практиката за независна надворешна ревизија на годишната сметка и финансиското работење на ОКСМ од страна на овластен независен ревизор, започната во 2021 година. Ревизијата на годишната сметка за 2023 ќе се изврши по одобрување од УО.

Подготвил:
Антонио Поп-Иванов
Стандардбиро ДООЕЛ

Друштво за промет и услуги
СТАНДАРД БИРО
Скопје
Васил ДООЕЛ увоз извоз